

Искра
Гешоска

# Who am I?

*(кон изложбата „Кој сум јас„, отворена во Музејот на град Скопје, на 25.07. 2002. Оваа изложба првично беше поставена во Белградскиот културен центар во Април годинава)*

*Алиса почувствува дека поминува низ стакленото око на микроскопот а потоа низ другото стаклено око, па уште низ едно стаклено око, и уште едно, а потоа, најодзади низ последното стаклено око и тогаш се почувствува сосема онесвестена. Всушност, Алиса сосема се онесвести!*

**Џеф Нун *Автоматска Алиса***

Ова е време кога сурово се живее и пазарно се обработува продажбата на идентитетите. Сеќавањата се лицитираат. Минатото, сегашноста и иднината се во постојано менување. Реалноста на времето, високата дефиниција на информацијата и на јазикот бијат битка со најниската резолуција на пораката и на значењето. Ова е време кога царува колективната, или ако сакате, клонираната Алиса, која бескрајно се пресликува во микроскопските призми со надеж дека ќе ги открие сите аспекти на своето патување.

Во казанот на ваквата ентропија на идентитетите и во семантичката безвредност на нивното дефинирање, храбро, промислено и, воедно, игриво се втурнуваат петмина уметници, припадници на помладата генерација која веќе на нашата ликовна сцена, а и пошироко, ги етаблираше својот посебен, специфичен јазик и сензибилитет на концептулано промислување и визуелно реагирање на она што е актуелен персонален или општествен миг. Тие во својата авантура насловена со архетипското, но веќе и иронично прашање Њхо ам И?, полемизираат со сопствените химери, во кои сме се навикнале да се криеме како во метални саркофази. Ана Стојковиќ, Христина Иваноска, Славица Јанешлиева, Оливер Мусовиќ и Дубравко Наумов, колажирајќи различни медиуми на визуелното мислење и трасирајќи го секој својот пат на одговорот на прашањето Кој сум јас?, суптилно, но субверзивно и иронично укажуваат на едно: во царството на сенките (на флуидните идентитети), телата не ја „фрлаат„ својата сенка, туку сенката ги проектира своите тела кои ќе бидат сенка на сенките.

Копајќи низ сеќавањата и низ проекциите за себе (нанапред и наназад) тие се обидуваат да ги реконструираат, деконструираат и исконструираат сопствените приказни, начините на кои се перцепираат себеси и сликите што другите ги создаваат за нив. Се преплетуваат неколку аспекти на зададента тема: нарцисоидноста како однос на сопствениот лик виден во некој медиум и клонирањето како нов облик на губење на идентитетот, но и начин на создавање нов, автентичен идентитет (Ана Стојковиќ); името и презимето





како цврста одредница но и несигурност во однос на сопствената дефиниција (Оливер Мусовиќ); посредно запаметената перспектива на детето во реконструкцијата на сопствената лична карта (Славица Јанешлиева); третирањето на сопствената даденост, на сопствениот идентитет само како основа за играње, моделирање, претерување, измислување (Христина Иваноска); идентитетот како нужна кодираност, равенство и збир на информации (Дубравко Наумов).

Како носители на „континуитетот на признината„ што е нужно создаден со запрашаноста за идентитетот, авторите создаваат неколку точки кои можат да ја дефинираат илузијата на нивното концептуално движење низ темата:

1.секој од нив, со специфичен јазик и со специфична текстура, ја фаќа можната реалност во замка

2.се создаваат слики кои едновремено конотираат бришење, заборав и создавање.

3. идентитетот им се потчинува на хипотезите

4.тенденција нештата да се шифрираат а не да се дешифрираат

И, можеби, приказната за идентитетите во делата на петмината млади македонски уметници може да се нарече лакановски обид за огледално согледување на себе, на субјектот и на објектот, каде што огледалото станува најдоброто место за пронаоѓање но и за исчезнување. А точката на исчезнување е точка на појавување на Другиот. Токму напорот да се изведе акробатски перформатив со кој ќе се исчекори од јаловоста на сопствениот идентитет, хипостазиран во естетските и културните декрети, клониран според сопствената слика за „висока дефиниција„ е спиритус мувенс на оваа изложба.

Соочувајќи се со деструктивната случајност на светот авторите создаваат деконструктивен чин кој е тесно поврзан со дефинирањето на другоста, со копнежот по размена на мултиплицираното Себство.

И можеби целиот проект најдобро би можел да се согледа преку една друга нарација, преку еден невизуелн јазик што е комплементарен на целта на авторите а кој повторно ја има во фокус Алиса, нашата блиска и неразделна пријателка:

*„Но, не умееш да говориш, што значи си целосно некоја посебна статуа„,* рече Алиса.

*„Јас сум мошне посебна статуа. Се викам Исала.„*

*„Но тоа е името на мојата кукла!„,* повика Алиса *(сосема заборавајќи, до тој момент, дека нејзината кукла се уште недостасува).*

*„Да, тоа сум јас„,* закрека статуата на Алису. *„Ја сум твојата кукла.„*

*„Ти си Исала?„*

*„Да, така се викам.„*

*„Но премногу си голема за моја кукла„,* изјави Алиса. *И навистина статуата со Алисина големина.*

*„Ја сум твоја близначка од лево-десно„,* рече статуата.

*„Но јас немам близначка сестра„,* одговори Алиса, *погрешно слушајќи.*

*„Не реков близначка сестра туку близначка од лево-десно. Знаеш, Алисо, кога ме нарече Исала, се што ти направи беше свртување на буквите од твоето сопствено име. Јас сум твоја анаграмска сестра.„*

(Цеф Нун *Автоматска Алиса*)

# Веќе видени реприза

*Драги мои,*

Седам пред компјутерот и коси кубам. Што да пишувам денеска во колумнава, кога од толку телевизии што ги имаме, една саглам не може да се состави. Сите се на распуст и практично маркираат програма. Затоа, на МТВ гледавме времеплов од некаква провинциска манифестација одржана пред десет години во Одеса, чинам дека се викаше „Славјански базар". За да нè убеди колку е тоа добро што ќе го гледаме, бившата танчарка од „Ритам плус", Миланка, ни раскажа како тоа со репризите го правеле и на Би-би-си и другите светски телевизии. Било многу скапо еднаш да се емитува, па тие пресметале дека за да се оправдаат патните налози, требало барем уште десетина пати, што значи дека тоа што го видовме ќе го гледаме и наредните дваесетина години. Ептен ме убеди кога рече дека тие што ќе ги видиме биле ѕвезди уште тогаш, а сега се ептен ѕвезди.

Што се замислуваат овие, дека блееме како овци, па треба и да нè молзат. И тие и оние од новата Телевизија 4. Репликите на сите два филма, кои ги емитуваат секоја вечер, ги научив на памет. За тоа ли Љубомир од Советот на радиодифузија им даде концесија? Тоа е нивната посебност и оригинална концепција. На една друга телевизија, собрани околу неповторливата масичка, дузина луѓе раскажуваат за идното светско првенство во фудбал, се обложуваат кој ќе биде светскиот првак. Да се отепаш од смеа какви глупости тресат. Ај тоа што водителите се глупави, тие за тоа се платени, но нема смисла да ги прават глупави и гостите, а најмалку имаат право нас да нè прват тоа. Размислувам, зошто овие од информативната програма не ја земат касетата од еден од дуелите меѓу Бранко и Љубчо и ќе отепаат неколку часа. Сигурен сум дека ќе биде забавно. Особено сега, кога сите работи за кои тие говорат ги претуркавме преку плеќи. А убаво е да го видиме тоа, како некоја предигра пред големите дебати што нè очекуваат во предизборјето.

Дефинитивно, ние сме ептен талентиран народ. Од овие два милиона жители, барем половината писмени (и полуписмени) се политичари, другите работат на естрадата (менаџери и пејачи), нормално, а најмногу се телевизиски водители. Абе, паѓам во несвест кога ќе го вклучам телевизорот и кога ќе ги видам комшиските девојчиња како ме подучуваат (богами и караат) за работи за кои немаат поим. Жалосно е што сите тие кога ќе влезат во студиото се лоша копија на тоа што до вчера низ скопските кафеани го критикуваа и му се потсмеваа. Башка што скоро сите го зборуваат провинцискиот дијалект преземен од мама и од тато. Што е важно тоа. Велат, така зборувале затоа што тоа било кул, односно скопски (како не!) и тие со тоа биле главни во градов.

Не ми е јасно, како може да е кул некој што не знае да зборува како што треба, башка што јазикот му се прпелка низ усната шуплина па не може да го изговори и тоа што е според нив кул. Тоа што последната книга што ја имаат прочитано е една од лектирите во средно, е друга работа.

Ваш фобичен

*ТВ - депресивец*

УМЕТНОСТА Е ФОРМА НА КАТАРЗА